**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**
**Комитет за следење на ИПАРД Програма 2014-2020**

# *Записник*
# *од петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програма 2014-2020*

***21 мај 2019***
***хотел Инекс Олгица***
***Охрид***

Арх.бр.20- 12606/2
24.12.2019 година

# I. Листа на учесници

**1. Нефрус Челику - претседател на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020**

**<u>Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020:</u>**

**1. Трајан Димковски** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
**2. Андријана Велевска** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
**3. Маја Лазареска Јовеска** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
**4. Вулнет Арифи** - Министерство за локална самоуправа;
**5. Назмије Идризи** - Министерство за животна средина и просторно планирање;
**6. Марина Арсовска** - Министерство за економија;
**7. Марјан Копевски** - Министерство за транспорт и врски;
**8. Сашко Арсов** - Агенција за храна и ветеринарство;
**9. Асен Дуковски** - Сојуз на земјоделците на Македонија;
**10.Петар Ѓеоргиевски** - Мрежа за рурален развој;
**11.Владимир Петков** - Факултет за ветеринарна медицина, УКИМ-Скопје;
**12.Елгафар Јусуфи** - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
**13.Сашо Крцоски -** Мрежа на млади фармери;
**14.Владо Бабаџовски** - Републичко синдикално здружување на земјоделски производители ,,СПАС";
**15. Даниела Димовска -** Земјоделски факултет, УГД-Штип;
**16. Марина Тошеска** - ЛАГ АГРО ЛИДЕР.

**<u>Присутни заменици членови на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020:</u>**

1. **Михаела Михајлоска** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Рефет Амети** - Министерство за култура;
3. **Љубица Ѓерасимова** - **Секретаријат за европски прашања;**
4. **Елена Радиноска Кеане** - Македонска асоцијација на преработувачи;
5. **Михаил Индов** - Агенција за подршка на претприемништвото на Република Северна Македонија;
6. **Наташа Вртеска** - Заедница на единиците на локалната самоуправа.

**<u>Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:</u>**

1. **Liam Breslin** - Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. **Zigo Rutkovskis -** Директорат за земјоделство и рурален развој.

**<u>Претставници од Европска Делегација:</u>**

1. **Маргарита Делева** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;
2. **Kostas Soupilas** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македониј

**<u>Претставници на ИПАРД структурата:</u>**

**<u>Претставници од НАО и НФ :</u>**

1. **Владо Караманолевски** - Министерство за финансии;
2. **Александра Наковска -** Министерство за финансии.

**<u>Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):</u>**

1. **Живко Брајковски -** раководител на Сектор за управување со ИПАРД:
2. **Игор Трошански -** помошник раководител на Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД);
3. **Виктор Младеновски** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;

4. **Александра Дика** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
5. **Јасмина Хаџибулиќ** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
6. **Златко Колевски -** одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. **Оливер Стефановски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. **Кирил Ристоски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. **Сашка Јовановска Вукелиќ -** одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
10. **Неда Груевска -** одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
11. **Душко Јакимовски** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
12. **Гордана Смилеска** - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
13. **Александар Антески** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;

**<u>Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):</u>**

1. **Николче Бабовски** - директор на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР);

**Резултати: на петтиот состанок учествуваа претседателот на Комитетот (со право на глас), 16 членови и 6 заменици (од вкупно 29 членови/заменици со право на глас). Со тоа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас (согласно член 8 став (3) од Деловникот за работа).**

***<u>Листата на присутност на членовите од последните два состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 е прикажана во прилог 1 од овој записник.</u>***
***<u>Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.</u>***

## II. Дневен ред
**за петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020**

| Бр. | Време | Тема | Презентирано од: | Документи/ Прилози |
|---|---|---|---|---|
| | 09:00 | Регистрација | Секретаријат на Комитет за следење на ИПАРД | |
| | 09:30 09:45 | Потврда за присуство на членовите/замениците за состанокот и постигнување на кворум согласно Деловникот за работа | Секретаријат на Комитет за следење на ИПАРД | |
| **1.** | 09:45 09:50 | Усвојување на предлог дневен ред за петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 | Претседавач | Предлог дневен ред |
| **2.** | 09:50 10:00 | Усвојување на записникот од претходниот четврти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, одржан на 4 декември 2018 | Претседавач | Финален записник |
| **3.** | 10:00 10:15 | Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот четврти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **4.** | 10:15 10:30 | Информација во однос на ИПА Мониторинг Комитет | НИПАК | Презентирано на самиот состанок |
| **5.** | | Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 | | |
| **5.1** | 10:30 10:45 | Информација за напредокот на активностите на АФПЗРР во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020 | ИПАРД Агенција | Извештај на ИПАРД Агенција |
| **5.2** | 10:45 11:00 | Информација за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална инфраструктура | НАО | Презентирано на самиот состанок |
| **5.3** | 11:00 11:15 | Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење | ТУ | Годишен извештај за спроведување |
| **6.** | 11:15 11:30 | Дискусија/ одобрување на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Годишен извештај за спроведување |
| | 11:30 11:45 | Кафе пауза | | |
| **7.** | | Дискусија/одобрување на модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 | | |
| **7.1** | 11:45 12:00 | Извештај во однос на првата модификација на ИПАРД | ТУ | Презентирано на самиот состанок |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Програмата 2014-2020 и Листа на прифатливи трошоци | | |
| **7.2** | 12:00<br>12:15 | Дискусија за втора модификација на ИПАРД Програмата 2014 -2020 и Листа на прифатливи трошоци | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **7.3** | 12:15<br>12:30 | Дискусија/ презентација на двете нови мерки во ИПАРД Програмата 2014-2020 (LEADER и Советодавни услуги) | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **7.4** | 12:30<br>12:45 | Подготвителни активности за Агро - еколошките мерки | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **8.** | | Активности за техничка помош | | |
| **8.1** | 12:45<br>13:00 | Напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2018 и АПТА 2019 | ТУ | Извештај за напредокот на активности во однос на АПТА |
| **8.2** | 13:00<br>13:15 | Напредок на активности за комуникација и публицитет за 2019 година за ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Извештај за комуникација и публицитет |
| **9.** | 13:15<br>13:30 | Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД | НАО | Извештај на НАО |
| **10.** | | Информација/дискусија за евалуација на ИПАРД Програмата | | |
| **10.1** | 13:30<br>13:45 | Информација за екс-пост евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **10.2** | 13:45<br>14:00 | Напредок на активности во однос на евалуацијата на ИПАРД Програмата 2014- 2020 | ТУ | Извештај за тековната евалуација |
| **11.** | | Разно | / | / |
| **12.** | 14:15<br>14:25 | Предлог дневен ред за следниот шести состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II и усогласување на датумот за негово одржување | Претседавач/ Претставници од Европската Комисија | Дискусија |
| | 14:30 | Затворање на состанокот | Претседавач | |
| | 14:30<br>15:30 | Ручек | | |
| | 15:30<br>19:30 | Посета на реализирани ИПАРД проекти | | |

## III. Резултати од состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020

**1. Точка 1 од дневниот ред: „Усвојување на предлог дневниот ред за петтиот (пролетен) состанок на Комитет за следење на ИПАРД 2014-2020".**

Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, Нефрус Челику го отвори петтиот состанок на Комитетот посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот како и на новите членови на Комитетот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК). Тој ги информираше членовите за предлог дневниот ред за петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 1:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го усвои дневниот ред за петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

**2. Точка 2 од дневниот ред: „ Усвојување на записникот од претходниот четврти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, одржан на 4 декември 2018 година"**

Претседателот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, информираше дека записникот од претходниот четврти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 4 декември 2018 година, е испратен до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД на 05.02.2019 година и заклучно со 18.02.2019 година до Секретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 не се пристигнати коментари од членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 немаа забелешки по однос на записникот и беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 2:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го разгледа и усвои записникот од претходниот 4 (четврти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 4 декември 2018 година.

**3. Точка 3 од дневниот ред: „Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (четврти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020"**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше во однос на напредокот во спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

Во однос на оваа точка, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 1:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (четврти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

**4. Точка 4 од дневниот ред: „Информација во однос на четвртиот ИПА Мониторинг Комитет“**

Во врска со точка 4, претставникот на Националниот ИПА координатор, Љубица Ѓерасимовска, информираше во однос на статусот на спроведување на ИПА II. Во тек е подготовката на финансиската спогодба за ИПА 2018 односно нејзино потпишување помеѓу ЕК и Националните власти. Во секторот земјоделство одржани се неколку состаноци и дефиниран е сет од околу десеттина индикатори кои што се извлечени од

веќе тековната национална стратегија за земјоделство и рурален развој и тековните програмирани документи за земјоделство и рурален развој.
Врз основа на изнесеното, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 2:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, се информираше во однос на четвртиот ИПА Мониторинг Комитетот.

**5. Точка 5 од дневниот ред: „Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

**5.1. Потточка 5.1 од дневниот ред: „Информација за напредокот на активностите на АФПЗРР во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Во однос на оваа потточка, претставникот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), Вангел Наневски, ги презентираше податоците од првиот Јавен повик од ИПАРД Програмата 2014-2020. Склучени се 893 договори со вкупна финансиска вредност од 8.275.875€ (ЕУ учество). Поднесени се 812 барања за исплата во висина од 6.807.471€ односно 5.105.806 (ЕУ учество). Поради некомплетност одбиени се 483 барања. Во однос на мерка 3, склучен е 31 договор за финансиска подршка со вкупна финансиска вредност од 4.839.238€ (ЕУ учество), реализирани се 19 инвестиции и поднесени се 16 барања за исплата. За мерка 7 склучени се 23 договори со вкупна финансиска вредност од 3.222.895€ (ЕУ учество).
Главни проблеми во текот на административната обработка на пристигнатите барања се големиот број на примени барања, недоволниот број на вработени, времето кое е потребно за добивање на референтните цени за инвестициите, големиот број на контроли потребни за обработка на секое барање.
Присутните на состанокот беа детално информирани и во однос на двата јавни повика во 2018 година. Со цел да се избегне губењето на средства од 2014, 2015 и 2016 година, АФПЗРР треба да исплати 8,7 милиони € до крајот на 2019 година.
Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) Никола Бабовски, ги информираше присутните на состанокот во однос на човечките капацитети во АФПЗРР, како и за преземените активности за подобрување на истите.
Во однос на оваа потточка, Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 го донесе следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активностите на АФПЗРР во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020.

**5.2. Потточка 5.2 од дневниот ред: „Информација за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерка рурална инфраструктура"**

Претставникот на Националниот координатор за авторизација, Владо Караманолевски, информираше во однос на барањето за пренесување на право за индиректно управување со мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура" од ИПАРД Програмата 2014-2020 кое што беше доставено од страна ан НАО до ЕК на 13 ноември 2018 година.
Со допис од 3 април 2019 година ГД АГРИ има доставено првични забелешки и препораки во однос на доставената пакет документација. Главните забелешки се однесуваат на недостатокот на човечки капацитети, измените на законот за основање на АФПЗРР, како и процедурите за работа за спроведување на мерката.
По добиените забелешки од страна на ГД АГРИ, националните структури одржаа координативен состанок со министерот за земјоделство шумарство и водостопанство, а со цел поефикасно надминување на забелешките како и тековно спроведување на програмата. Беше договорено како рок за надминување на забелешките и слабостите

да биде средина на септември 2019 година. Претставникот на ЕК, Зиго Рутковски истакна, да не се брза во однос на доставувањето на документите, туку да се обрне внимание на самиот квалитет односно, пред доставувањето на документите да се надминат проблемите со кои што се соочуваат барателите.
Во врска со оваа потточка Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниот заклучок:

**Заклучок бр. 4:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерката Рурална јавна инфраструктура.

**5.3. Потточка 5.3 од дневниот ред: „Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење"**
Претставникот на ТУ, Виктор Младеновски, детално ги презентираше резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020. Податоците од направената анализа се однесуваа на типовите на инвестиции, видовите на производство за кои најмногу се бара поддршка, географскиот распоред на поддршката, итн. На прашањето на претставникот на ЕК, Лиам Бреслин на што се должи големиот интерес кој го пројавиле барателите во овоштарското производство, претставникот на ТУ, Виктор Младеновски појасни дека тоа е поради набавката на земјоделска механизација.
Во однос на оваа потточка, Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниов заклучок:

**Заклучок бр. 5:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење.

**6. Точка 6 од дневниот ред: „Дискусија/одобрување на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД 2014-2020"**
Претставникот на ТУ, Виктор Младеновски, информираше во однос на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД 2014-2020. Истиот ги опфаќа активностите кои ИПАРД структурите ги преземале во 2017 и 2018 година за подобрување на искористеноста на ИПАРД фондовите, како и информации во однос на кампањата за публицитет, евалуацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020, напредокот во спроведувањето на мерката Техничка помош, итн. Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД 2014-2020 ќе биде доставен до членовите на разгледување и усвоен по пат на пишана процедура Во однос на оваа точка беше донесен следниов заклучок:

**Заклучок бр. 6**: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД 2014-2020.

**7. Точка 7 од дневниот ред: „Дискусија/одобрување на модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020"**
**Потточка 7.1: „Извештај во однос на првата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Листата на прифатливи трошоци"**
Првата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 како и измената на Листата на прифатливи трошоци, беше презентирана од страна на претставникот на ТУ со ИПАРД, Александар Антески. Тој истакна дека првата модификација е направена со цел да се олесни процесот на спроведување на програмата и детално ги прикажа сите измени на програмата.
Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 7:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на првата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Листата на прифатливи трошоци.

**Потточка 7.2 од дневниот ред: „Дискусија за втора модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Листата на прифатливи трошоци"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Игор Трошански, информираше дека втората модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 предвидува измена на финансиските табели односно реалокација на средства (претходно планирани за мерката Рурална јавна инфраструктура) во мерките Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски производи и Диверзификација на фарма и развој на бизниси. Во отсуство на забелешки, беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 8:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на втората модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Листата на прифатливи трошоци.

**Потточка 7.3: „ Дискусија/презентација на двете нови мерки во ИПАРД Програмата 2014-2020 (LEADER и Советодавни услуги)"**

Во однос на оваа потточка, претставникот на ТУ со ИПАРД, Игор Трошански, информираше дека до крајот на 2019 година, преку трета модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020, овие две мерки ќе бидат предложени за воведување во самата програма. Претставникот на Мрежата за рурален развој, Петар Ѓорѓиевски предложи Секторот за рурален развој при МЗШВ и Секторот за управување со ИПАРД меѓусебно да соработуваат, сè со цел да се испочитуваат европските процедури при воспоставување на LEADER пристапот. Претставничката на МЗШВ, Маја Лазареска Јовеска, информираше дека во текот на месец јуни 2019 година, Националната конвенција за евроинтеграција ќе ја одржи својата петта сесија со тематика за LEADER пристапот каде што ќе бидат поканети претставници од МЗШВ, ТУ со ИПАРД и одредени лагови. Целта на оваа сесија е да се стимулира мерката и функција на лаговите.
Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на двете нови мерки во ИПАРД Програмата 2014- 2020 (LEADER и Советодавни услуги)

**Потточка 7.4: „Подготвителни активности за Агро-еколошките мерки"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Александар Антески информираше во однос на преземените и идни активности во однос на мерката Агро-еколошки мерки. Исто така беа презентирани и Агро еколошките под-мерки односно:

- Група I - заштита на локалните сорти и раси;
- Група II - заштита на водата и почвата преку одржливи методи на земјоделско производство;
- Група III - органско растително производство.

Во однос на оваа потточка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 10:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на подготвителните активности за Агро-еколошките мерки.

**8. Точка 8 од дневниот ред: „Активности за техничка помош"**

**Потточка 8.1 : „Напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2018 и АПТА 2019"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Неда Груевска, ги презентираше преземените активности од АПТА-та за 2018 година. Исто така таа додаде дека, Телото за управување со ИПАРД има испратено барање за поедноставување на Акцискиот план за мерката техничка помош (АПТА) до НАО. По одржаниот состанок со АФПЗРР за измена на образецот на АПТА, во мај 2019 година, доставен е документ до НАО, со кој се уредува упростениот изглед на АПТА. Оваа активност е во крајна фаза и се очекува усвојување на новиот АПТА документ.

Претставникот на ТУ, Кирил Ристоски додаде дека по одобрување на упростениот изглед на индикативниот плански документ, Телото за управување ќе достави барање за изменување на АПТА 2019. Измената беше предложена како потреба со цел да се одразат промените во формата и да се вметнат набавки за:

- Адекватен систем за проверка на поврзаност на компании надвор од државата, а кои се баратели на финансиски средства од ИПАРД фондови;
- Утврдување на цена на стандардизирани трошоци на инвестиции за градежни активности;
- Обука на одделението за ТП за набавки по ПРАГ правила;
- Набавка на канцелариски материјали потребни за работа на Телото за управување;
- Набавка за зголемување на капацитет на поштенско сандаче на корисниците на домеинот www.ipard.gov.mk.

По завршување на дискусијата беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 11:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите во однос на спроведување на АПТА 2018 и АПТА 2019 година

**Потточка 8.2: „Напредок на активности за комуникација и публицитет за 2019 година за ИПАРД 2014-2020"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Сашка Јовановска – Вукелиќ, информираше во однос на активностите во рамките на Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020, предвидени во Годишниот акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2019 година. Таа детално ги презентираше реализираните активности како и идните планирани активности во однос на комуникација и публицитет за 2019 година.

Претставникот на ЕК, Лиам Бреслин истакна дека е задоволен од преземените активности во однос на спроведување на публицитетот и предложи во иднина, неколку успешни ИПАРД проекти да бидат опфатени со кампањата за публицитет. Раководителот на ТУ одговори дека во рамките на кампањата за публицитет, планиран е видео спот со успешни ИПАРД проекти. Претставничката на Министерството за економија, Марина Арсовска информираше дека Министерството за економија има изработено web страна https://konkurentnost.mk/, каде што на малите и средни претпријатија им се помага да добијат информации за сите актуелни повици за финансиска поддршка што ги нудат не само националните програми туку и донаторите, вклучително и ЕУ фондовите. Таа предложи ИПАРД Програмата да биде застапена таму, односно на тој веб портал. РТУ ја прифати иницијативата, и за почеток предложи да се направи cross link на податоците од нивната страна со податоците на www.ipard.gov.mk.

Во врска со оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 12:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите за комуникација и публицитет за 2019 година за ИПАРД 2014-2020.

**9. Точка 9 од дневниот ред: „Информација за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД"**

Претставникот на НАО, Владо Караманолевски, го информираше Комитетот во однос на системот за управување и контрола на ИПАРД. Во насока на подобрување на ефикасноста на системот, извршени се промени на процедурите во насока на поефикасно спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020. Со предложените измени се очекува временската рамка за обработка на барањата да се намали, имајќи предвид дека некомплетните барања ќе бидат одбиени и нема да има дополнителен период за комплетирање на барањето. Во измените на системот направена е измена на меморандумот за соработка помеѓу АФПЗРР и Бирото за судски вештачења. Со оваа измена се очекува поголема ефикасност во спроведување на проекти кои вклучуваат градби. Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 исто така беше информиран во однос на спроведените Верификациски посети од страна на НАО, спроведените внатрешни ревизии во текот на 2018 година од страна на Секторот за Внатрешна Ревизија во рамките на секоја институција, како и Годишниот ревизорски извештај за 2018 година.

Во врска со оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 13:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за функционирање на системот за управување и контрола на ИПАРД.

**10. Точка 10 од дневниот ред: „Информација/дискусија за евалуација на ИПАРД Програмата"**

**Потточка 10.1: „Информација за екс-пост евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013"**

Претставникот на ТУ, Александар Антески ги презентираше преземените активности во однос на започнување на постапката за екс-пост евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013. Постапката за екс-пост евалуација е започната во ноември 2018 година, изборот на понудувач е завршен и се очекува да се склучи договор со понудувачот во најкус можен рок.

Земајќи во предвид дека во однос на оваа точка не беше покрената дискусија, членовите на КС го донесоа следниот заклучок:

**Заклучок бр. 14:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за екс-пост евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013.

**Потточка 10.2: „Напредок на активности во однос на евалуацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Претставникот на ТУ, Александар Антески, информираше во однос на преземените активности за евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и ги презентираше податоците по однос на резултатите од спроведувањето на Јавниот повик 01/17 - прв јавен повик на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 15:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за евалуацијата на ИПАРД Програмата 2014- 2020.

**11. Точка 11 од дневниот ред: „Разно"**
Во однос на оваа точка не беше покрената дискусија.

**12. Точка 12 од дневниот ред:,,Предлог дневен ред за следниот шести состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 и усогласување на датумот за негово одржување"**
Во врска со точка 12 од дневниот ред, претседавачот информираше за предлог дневниот ред за следниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020. Во однос на наредниот состанок тој предложи датумот на одржување за наредниот шести состанок на Комитетот да биде договорен во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија.
Претседавачот го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| **ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:** | **ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ:** |
|---|---|
| **Nefrus Çeliku** | **Живко Брајковски** |
| Титула: Претседавач | Раководител на Сектор за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: 18.12.2019 | Датум: 17.12.2019 |

**Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020**

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Нефрус Челику | МЗШВ | √ | | | |
| Државни институции | | | | | | |
| 2. | Трајан Димковски | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 3. | Никица Бачовски | МЗШВ | | √ | Михаела Михајловска | 0 |
| 4. | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 5. | Андријана Велевска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 6. | Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | | √ | Љубица Герасимовска | 0 |
| 7. | Марина Арсовска | Министерство за економија | √ | | | 0 |
| 8. | Вулнет Арифи | МЛС | √ | | | 0 |
| 9. | Авзи Демири | МК | | √ | Рефет Амети | 0 |
| 10. | Назмије Идризи | МЖСПП | √ | | | 1 |
| 11. | Марјан Копевски | Министерство за транспорт и врски | √ | | | 0 |
| 12. | Душан Томшиќ | Министерство за труд и социјална политика | | | | 1 |
| 13. | Сашко Арсов | АХВ | √ | | | 0 |
| Агенции | | | | | | |
| 14. | Елгафар Јусуфи | АПРЗ | √ | | | 0 |
| 15. | Љиљана Вуковиќ | Агенција за поддршка на претприемништвото | | √ | Михаил Индов | 0 |
| Економски и социјални партнери | | | | | | |
| 16. | Сашо Деспотовски | Стопанска комора на Македонија | | | | 2 |
| 17. | Огнен Оровчанец | Агробизнис комора при Сојуз на стопански комори на РМ | | | | 1 |
| 18. | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | | √ | Елена Радиноска-Кеане | 1 |
| 19. | Асен Дуковски | Сојуз на земјоделци на Македонија | √ | | | 0 |
| 20. | Зоран Зимбаков | Заедница на единиците на | | √ | Наташа Вртеска | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | локалната самоуправа | | | | |
| 21. | Проф. д-р Ана Котевска | Факултет за земјоделски науки и храна | | | | 1 |
| 22. | Драган Дојчиновски | Комора на занаетчии | | | | 2 |
| 23. | Даниела Димовска | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | √ | | | 0 |
| 24. | Марина Тошевска | Агро-Лидер | √ | | | 0 |
| 25. | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | √ | | | 0 |
| 26. | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | 0 |
| 27. | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 28. | Владо Бабачовски | Синдикално здружување на земјоделски производители ,,СПАС“ | √ | | | |
| 29. | Гордана Лозановска Стефановска | ЛАГ Пелагонија | | | | 1 |
| 30. | Наталија Меловска | Македонско еколошко друштво | | | | 1 |
| ВКУПНО: | | | 17 | 6 | | |

## Прилог 2: Листа на набљудувачи

**Претставници на владини институции:**

Стефани Арсовска - Кабинет на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
Александар Димитровски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
Жарко Димитриевски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Билјана Цибрева - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бурим Алији - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Жељка Гудељ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Претставници од Државен завод за ревизија:**

Зоран Ристовски - Државен завод за ревизија;
Мимоза Шишковска - Државен завод за ревизија;

**Претставници на економски и социјални партнери:**

Владимир Христов - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Вангел Наневски - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Панче Арсов - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Симеон Милевски - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Љуљзим Фејзулаи - ЈП за стопанисување со пасишта;
Алирами Салији - Државен универзитет во Тетово - Тетово;
Катерина Хаџи Наумова-Михајловска - Економски институт, УКИМ – Скопје